# ПРАВИЛНИК

**за изменување на Правилникот за утврдување на висината на надоместоците на военият и цивилниот персонал кој учествува во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност**

Скопје, септември 2023 година

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19), а во врска со член 200 став (3) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 14/20, 171/22 и 65/23), министерката за одбрана донесе

**ПРАВИЛНИК**

**за изменување на Правилникот за утврдување на висината на надоместоците на воениот и цивилниот персонал кој учествува во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност**

Член 1

Во Правилникот за утврдување на висината на надоместоците на воениот и цивилниот персонал кој учествува во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност Бр. 01-4849/1 од 16.08.2019, Бр. 01-4555/1 од 22.10.2020, Бр.01-4555/3 од 10.11.2020 и Бр. 01-402/1 од 18.01.2021 година, во член 1 ставот 2 се менува и гласи:

„Како учесници во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примена на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност, во смисла на овој правилник, се смета и активниот воен и цивилен персонал кој се упатува заради примопредавање на должност за смена на контингентите и контрола, во случаи на вонреден настан за време на вршење на тие должности, како и во други непредвидени активности во поддршка на мисиите и операциите (во натамошниот текст: во мисии и операции од членот 1 став 1 од овој правилник).“

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01-3174/2
27.09.2023 година

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Славјанка Петровска

Изработил: Ирена Топевска
Контролирал: Емилија Ралева
Согласен Милан Андоновски
Одобрил: Владимир Анчев

О б р а з л о ж е н и е

Правен основ за донесување на предметниот правилник е членот 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19), а во врска со член 200 став (3) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 14/20, 171/22 и 65/23).

Во Правилникот за утврдување на висината на надоместоците на воениот и цивилниот персонал кој учествува во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност Бр. 01-4849/1 од 16.08.2019, Бр. 01-4555/1 од 22.10.2020, Бр.01-4555/3 од 10.11.2020 и Бр. 01-402/1 од 18.01.2021 година, во членот 1 став 2 е предвидено: „Како учесници во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примена на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност, се смета и активен воен и цивилен персонал кој се упатува заради примопредавање на должност за смена на контингентите и контрола и во случаи на вонреден настан за време на вршење на тие должности (во натамошниот текст: во мисии и операции од членот 1 став 1 од овој правилник).“

Имајќи во предвид, дека во изминатиот период се појави потреба, а и во иднина ќе се јавува потреба за упатување на активен воен и цивилен персонал во мисии и операции заради поддршка во реализација на активности на мисијата односно операцијата, како што се: обука, оперативно-технички и логистички активности и други и кои пред започнување на мисијата односно операцијата не може секогаш да се предвидат, се укажа потреба од дополнување на правилникот во таа насока, во став 2 на член 1.

Согласно укажаната потреба, ставот 2 на член 1 од правилникот се менува, со што како учесници во мисиите и опрациите утврдени во Законот за одбрана и овој правилник, ќе се смета и активниот воен и цивилен персонал кој се упатува, покрај заради примопредавање на должност за смена на контингентите и контрола и во случаи на вонреден настан за време на вршење на тие должности, и во други непредвидени активности заради поддршка на мисиите и операциите.

**Согласно наведеното, се предлага министерката за одбрана да го донесе Правилникот во предложениот текст.**

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ

ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

Измената на Правилникот е предложена од Секторот за политика и планирање.

Во номотехничкото средување учествуваше Секторот за правни работи. Изманата се однесува на додавње на зборовите „како и во други непредвидени активности заради поддршка на мисиите и операциите“ во ставот 2 на членот 1.

Измената е со цел  покривање на сите активности кои пред започнување на мисијата односно операцијата не може секогаш да се предвидат.

Информира

Ирена Тошевска